

# Што е тоа **Паркинсонова болест?**

*Овој Лист за помош дава основнен опис на Паркинсоновата болест, вклучувајќи ги причините што ја предизвикуваат, знаците и поставувањето на наод.*

*Овие информации се само водач. Многу е важно луѓето со Паркинсонова болест да појдат кај лекар специјалист, на пример, невролог, за да добијат стручен совет за расположивите начини на лекување и заради тековно надгледување на знаците на болеста.*

## Што е тоа Паркинсонова болест?

Паркинсоновата болест е здравствена состојба што влијае на движењето. Луѓето со Паркинсонова болест имаат проблеми да ги контролираат мускулите на телото поради нарушување на пораките што ги праќа мозокот. Тие проблеми се влошуваат со текот на времето.

Називот Паркинсонова болест доаѓа од името на британскиот лекар кој прв ги опишал знаците на оваа болест, д-р Џејмс Паркинсон.

## Што ја предизвикува Паркинсоновата болест?

Причините што ја предизвикуваат Паркинсоновата болест не се познати. Знаеме дека луѓето со Паркинсонова болест имаат пониско ниво на мозочната хемикалија што се вика допамин. Допаминот помага телото да ги контролира мускулите и да се движи складно и со леснотија. Со текот на времето, луѓето со Паркинсонова болест имаат се помалку допамин, со што движењето станува се потешко.

## Како влијае оваа болест на луѓето?

Паркинсоновата болест влијае различно на секој човек, а знаците и кај еден ист човек во различни денови може да бидат различни.

Главните знаци на Паркинсоновата болест се:

- **Тресење:** тресење или треперење на дел од телото, на пример, раката, ногата или главата. Ова движење е автоматско и лицето не може да го контролира. Тресењето обично настанува кога лицето мирува.
- **Вкочанети мускули:** мускулите на нозете, вратот или лицето може да изгледаат вкочанети. Луѓето со Паркинсонова болест понекогаш може да се чувствуваат толку вкочането што чувствуваат како да се смрзнати и неспособни да се помрднат.
- **Бавно движење:** движењето може да биде бавно и луѓето може да прават ситни чекори или да се плеткаат при одењето. Ситните движења, како што се пишувањето, чукањето на тастатура, бричењето или закопчувањето на алиштата исто така може да создаваат тешкотии.
- Проблеми со **рамнотежата** или тешкотии да се стои исправено.

Други проблеми што може да се јават кај луѓето со Паркинсонова болест се:

- Замор или исцрпеност
- Тага или потиштеност
- Проблеми со рамнотежата
- Запек
- Тешкотии при зборувањето или голтањето
- Проблеми при вршењето на повеќе од една работа одеднаш.

Од Паркинсонова болест не се умира и луѓето може да продолжат да уживаат во долг и плодотворен живот иако имаат Паркинсонова болест.

Може да минат долги години пред да се развијат знаците на болеста толку многу за да почнат да предизвикуваат посериозни проблеми. Кога ќе се случи тоа, многу од тие знаци може да бидат ублажени со лекување и поддршка.

### Кој добива Паркинсонова болест?

Секој возрасен човек може да добие Паркинсонова болест. Таа е едно од најчестите заболувања на мозокот во Австралија и 25 нови лица заболуваат од неа секој ден:

- Почеста е кај луѓето на возраст од 60 и повеќе години.
- Може да се јави кај возрасни лица од било која возраст.
- Заболуваат подеднакво и мажи и жени од сите култури и со различни начини на живот.
- Не е заразна, што значи дека не може да ја префатите од некого ниту пак да ја пренесете на друг.
- Обично не е наследна.

### Како се утврдува постоењето на болеста?

Може да биде тешко да се утврди Паркинсоновата болест зашто секој човек има различни знаци. Раните знаци на Паркинсоновата болест обично се слаби и зафаќаат само една страна од телото. Некои луѓе прво забележуваат слабо тресење или треперење, или пак проблеми при пишувањето, бричењето или закопчувањето копчиња. Други рани знаци што често се јавуваат е тоа што едната рака веќе не се ниша при одењето.

Нема проверка или постапка со која може да се утврди Паркинсоновата болест. Лицето што најдобро може да постави наод за Паркинсонова болест е лекар специјалист, на пример, невролог. Лекарот ќе го прегледа пациентот за да види какви се знаците и ќе побара од него да му ги опише проблемите што ги има. Може да се направат снимки (скенови) на мозокот за да се осигура дека проблемите не се причинети од некое друго заболување.

### Може ли Паркинсоновата болест да се лекува?

Постојат лекови, начини на лекување и терапии што помагаат да се контролираат знаците на Паркинсоновата болест. Многу е важно луѓето со Паркинсонова болест да појдат кај лекар специјалист, на пример, кај невролог, за да добијат совети во врска со расположивите лекови и заради постојано надгледување на знаците.

### Дали Паркинсоновата болест може да се излекува?

За жал, се уште не ни е познат начин за излекување на Паркинсоновата болест или за забавување на нејзиниот развој. Се истражуваат нови и подобри начини на лекување и лекови, што ни даваат извесна надеж за иднината.

Запомнете:
Луѓето со Паркинсонова болест може да продолжат да уживаат во долг и плодотворен живот.

**За натамошни информации и поддршка:**

**Телефонирајте во Здружението Parkinson's Australia: 1800 644 189**

За да зборувате со нас на јазик што не е англиски

Телефонирајте на: **131 450** и побарајте преведувач за вашиот јазик да ве поврзе со Здружението Parkinson's Australia во вашата држава или територија. Оваа услуга е бесплатна.

Овој и други листови за помош може да се добијат на повеќе јазици на заедницата. Јавете ни се или симнете ги од нашето место на интернет.

**www.parkinsons.org.au**

*Септември 2008 г.*

Parkinson's Australia

Ова издание го изработи Здружението Parkinson's Victoria со поддршка од Добротворниот фонд на градоначалникот (Lord Mayor's Charitable Foundation).

Здружението Parkinson's Victoria не одговара за ниедна грешка или пропуст во ова издание.

© Parkinson's Victoria